# З А П И С Н И К

## од 21-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 28 ми април 2023 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 15.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутни беа советниците Лазар Ангелов и Аспарух Москов.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 21-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година;
2. Предлог – Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
3. Предлог – Одлука за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово;
4. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово;
5. Предлог – Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово;
6. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година;
7. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година;
8. Предлог – Одлука за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности;
9. Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година.
10. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година;
11. Предлог - Одлука за одобрување на средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид;
12. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово;
13. Предлог – Одлуказа одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово“за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта;

14. Предлог – Одлуказапродолжување на работното време на угостителските објектина подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово;

15. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 13 гласа ЗА беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред беше отворена расправа по записникот од 20-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА, 4 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година образложение имаше раководителката на одделението за финансирање и буџет Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 4 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година повторно образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА .

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово и по трет пат образложение даде Марија Чурлинова Јорданова.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека во последно време постојано нешто се оттуѓува. Овие сијалици се веќе платени , во сопственост се на Општина Валандово, не треба да се плаќаат рати за нив и доколку општината имала намера да ги продава можела тоа да го направи и порано, и тогаш би добила и повисока цена, а сега во моментот не се толку атрактивни. И нагласи дека нивните изјави треба да влегуваат во записникот и да не се извртуваат.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека се работи за сијалици кои општината ги има набавено во 2013 и 2014 година и истите тие сијалици во 2021 година преку ЕСКО компанија општината ги замени со штедливи сијалици кои и помогнаа на општината да ја преброди енергетската криза со која се соочивме минатата година. Рече дека ова е стандардна процедура и не може да се очекува декаод нив ќе се заработи многу и самиот советник вели дека не се атрактивни многу. Ќе се искористат сите механизми за да се продадат, бидејќи сеуште има општини кои истите ги користат, но доколку нема интерес и не се успее, општината е спремна и да ги подари. Општина Валандово има енергетско ефикасни светилки и овие не и се потребни. Рече дека нема потреба да се дискутира на ваков начин и во врска со записникот рече дека требаше да се дискутира за него кога беше на дневен ред, а не да се гласа против без да се дискутира и да се каже што е испревртено. Сега треба да се држиме до точките на дневен ред.

Никој друг не се јави за дискусија па Предлог – Одлука за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 4 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово во износ од 220 000 денари беше отворена расправа, но никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека оваа Одлука е во ред бидејќи на ниво на една Општина може да има само едно комунално претпријатие и сите населени места кај што водоводите не се преку Комунален сервис во иднина и ќе треба да бидат. Рече дека проблем во оваа Одлука е тоа што се прави на нетранспарентен начин, бидејќи наведено е дека обврските кои што ги има како заостанати долгови од населеното место Удово ќе ги покрие Општина Валандово и вработените кои биле задолжени за функционирањето на тој водовод ќе ги превземе ЈП ,,Комунален сервис,, како тоа да е приватна фирма и да може да се вработува кого сака. Рече дека не е транспарентно тоа што не се знае колкави средства има Удово како долг и тоа остава сомнеж и не се знае коку средства треба да се платат од Општина Валандово, инаку во ред што треба да се превземе од Комуналниот сервис.

Градоначалникот зема збор. Рече дека оваа Одлука која што е на дневен ред се прави на начин максимално транспарентно иста како и одлуките кои се донесоа и за другите населени места. Рече дека изминатиот период во Удово се случија повеќе активности и преминувањето е на нивно барање . Наведе дека за пренесување на надлежностите во водоснабдувањето ни останува уште само Пирава од поголемите населените места бидејќи имаше отпор од самите МЗ . Според Закон само едно комунално претпријатие треба да стопанисува на територијата на една општина и истото ќе има одговорност за спроведување на комуналните услуги, за безбедност и квалитет на вода.Истите одлуки се правеа и во другите населени места. Појасни дека најпрво се прави комисија и во моментот се пренесува место кое нема долгови, но тоа ќе го каже и ЈП Комунален сервис кога ќе го превземе. Додаде дека најпрво пред 6-7 години се превзема Јосифово со иста одлука. Лицето кое дотогаш ги работело тие работи во МЗ треба да биде превземено во Комуналниот сервис бидејќи истото лице ги знае најдобро состојбите во тоа населено место, така е предвидено во член 5 од Законот. За оваа постапка Општината имаше две средби со граѓани од Удово, а ќе следи уште една со ЈП Комунален сервис и целата постапка ќе се заврши.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше Анита Трајкова, вработена во одделението за урбанизам и комунални дејности.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека тој смета дека во материјалот има грешка, дали е случајна или намерна не знае, бидејќи пишува 1,4 ха, а тука се работи за повеќе од 14 ха земјиште, додека целата индустриска зона Раброво е 17 ха. Рече дека е наведено дека подносителот на иницијативата ќе ги поднесе трошоците за спроведување на постапката за урбанизација на парцелата

што остава сомнеж за коруптивни влијанија и дека во иднина сопственикот ќе има придобивки од тоа градежно земјиште што го става малку во бенефицирана положба од другите стопанственици. Рече дека се надева дека и други стопанственици сакаат да бидат во иста положба. Се работи за голема парцела која доколку се оттуѓи, а секако ќе се оттуѓи, може да оди на продажба и да оди до стекнување на поголеми бенефиции на тој што ќе ја купи, бидејќи истата е во близина на регионалниот пат и на Индустриската зона Раброво и така остава сомнеж целата постапка.

Анита Трајкова даде појаснување дека не се работи за земјиште кое е во Индустриската зона Раброво туку се работи за земјиште на месноста викана ,,Кај ФИОВ објектот,, , кој што е во сопственост на инвеститорот кој ќе гоуредува целиот комплекс. За тоа дали е финансиски исплатливо или не, рече дека компанијата си го има уредено, ова дополнување е законски, истото сме го правеле и порано за други инвеститори.

Тоше Тодоров се јави за контара реплика. Рече дека тој праша и наведено е дека се работи за 1,4 ха, а сите овие парцели се некаде околу 150 000 м2. Рече дека не знае дали се во сопственост на инвеститорот, се работи за повеќе парцели кои треба да поминат на гласање.

Градоначалникот се јави со реплика. Рече дека од страна на советникот Тоше Тодоров се упатени сериозни обвинувања за коруптивност. Рече дека ова е законски и транспарентна постапка која се спроведуваше и за сите други инвеститори, а како советник секој треба да одлучи дали ќе ја поддржи или не. Општината законски мора секоја покрената иницијатива за дополнување на Програмата да ја донесе пред Советот. И тој апелираше во иднина да се внимава кога се оди со сериозни обвинувања за законско спроведена постапка која ја спроведува Одделението за урбанизам и комунални дејности во Општина Валандово.

Претседателот на Совет Владимир Марков зема збор. Рече дека за да се каже дека нешто е коруптивно, треба да се има силни аргументи. Рече дека на Комисијата за урбанизам и комунални дејности можеше да се праша и да се објасни дека се работи за дел од парцелите кои советникот ги наведува и тој дел е 1,4 ха. Се работи за земјиште под зграда и дворно место на објектот,, ФИОВ,, кој е купен од пред една година, а земјиштето е во сопственост на РМ. Постојат законски можности инвеститорот да си го откупи земјиштето и да се урбанизира. Постапката е таа, инвеститорот има желба да го урбанизира овој дел за да си го откупи земјиштето под објект и двор. Рече дека постапката е таа и може да се провери за да не се излегува со констатации за криминал. Повтори дека се работи за пристапен пат до објектот, под објект и дворно место.

Никој друг не се јави за збор, па Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година бече ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ. Претседателот на Советот се иззема од гласањето.

ТОЧКА 7

По Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па истат беше ставена на гласање и изгласана со едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година образложение имаше директорката на ЈП Комунален сервис Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа. За збор се јави Јулија Тушевска.Ја праша директорката од 4 844 000 денари, вкалкулираните трошоци за привремени вработувања за плата за кои месеци се?

Емилија Заева Костова одговори дека нема потреба од толку процедурален одговор. Рече дека ако се анализира тромесечие значи дека се работи за 3 месечни плати.

Јулија Тушевска повторно се јави со контра реплика и праша дали се работи за платите за месеците: јануари, февруари и март и доколку не, за кои месеци се, и дали оваа година директорката има стратегија и план тоа да го надмине, бидејќи таа претходно изјави дека има. Додаде дека таа не добила писмен одговор на нејзиното барање за рентабилност по населени места, односно за висината на средствата за електрична енергија, вода, за плати на вработените по населените места и наместо тоа доби пластичен пример за гробишта, што не го задоволи нејзиното барање.Таа праша уште како ќе се надмине оваа загуба од 940 000 денари за едно тромесечие.

Градоначалникот зема збор. Рече дека на секоја седница на Совет се дискутира на оваа тема. Ништо не се крие. Се бара решение ЈП,,Комунален сервис,, да ги надмине овие финансиски проблеми .Рече дека сите јавни комунални претпријатија во регионот се соочуваат со исти проблеми, само разликата е во тоа што тие имаат повисоки цени на водата и до 150 %, а ЈП ,,Комунален сервис,, единствено не ги зголеми цените. Рече дека во наредниот период Општината ќе се вклучи за надминување на состојбата. Се превземаат активности за зголемување на наплатата. Извештајот кажува од што доаѓа зголемувањето на расходите, од зголемувањето на минималната плата што е за поздравување. Доколку не се дадеа субвенции за електрична енергија сите јавни претпријатија ќе беа исклучени.Тој ја искористи приликата и ги повика сите советници да бидаат поддршка на ЈП,,комунален сервис,, за надминување на сосотојбата. И повтори уште еднаш дека Извештајот е многу јасен и покажува каде се најголемите трошоци.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА 4 ПРОТИВ , 0 ВОЗДРЖАНИ и 1 советник се иззема од гласањето.

ТОЧКА 11

По Предлог - Одлуката за одобрување на средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека оваа Одлука е за поздрав, но ја праша директорката дали за оваа пумпа е распишана јавна набавка и како ќе се набави истата по одобрувањто на средствата.

Емилија Заева Костова одговори дека постапката за јавна набавка е направена во март и таа сеуште важи, па пумпата ќе се набави од добавувачот кој е избран во постапката.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Одлуката за одобрување на средства на ЈП "Комунален сервис" Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА и 1 изземен.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово во износ од 15 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово"за организација и реализација на "Мали олимписки игри" за основни училишта во износ од 100 000 денари беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово беше отворена расправа.Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти Мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава во износ од 60 000 денари беше отворена расправа. Немаше никој пријавно за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков